РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-867/7
12-06-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33 - та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Предметот со бр.09-867/1 од 19.01.2026 година година, оформен против лицето ---------, член на Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „ ---------" – Виница и член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „ -----------" –Виница, **СЕ ЗАПИРА.**
По доставениот Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог, поради констатирани повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, службеното лице изврши уплата на предвидената глоба и поради промена на фактичката состојба, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.
Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-867/1 од 19.01.2026 година е оформен по сопствена иницијатива, со наводи дека лицето ---------- ја извршува функцијата член на Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „ -----------" – Виница именувана од страна на општина Виница со Решение бр. 09-1303 од 29.12.2025 година, и во исто време ја врши и функцијата член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „ -------------- " –Виница, именувана од страна на општина Виница со Решение бр. 09-120/1 од 30.01.2026 година.
ДКСК по извршениот увид во Административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси утврди дека лицето ------------- има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси за двете горенаведени функции.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ---------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог.

Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваната во законски определениот рок до ДКСК достави уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

Дополнително, лицето достави писмен известување до ДКСК дека до Советот на општина Виница има поднесено оставка за член на Управен одбор на ОЈУДГ „ ----------“ Виница заведена под бр. 09-330 од 06.03.2026 година.

ДКСК по извршениот увид во Административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси утврди дека лицето ----------- има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси за престанок од функцијата член на Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „ ----------“ – Виница.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител ма сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar